*Д-р ТРАЈАН ГОЦЕВСКИ*

# ОПШТЕСТВЕНАТА РЕПРОДУКЦИЈА И ОДБРАНАТА

## РЕПРОДУКЦИЈАТА И ОДБРАНАТА

Секое општество, независно од обликот на неговото организирање и општествено-економските и политичките односи кои владеат во него, за да може да егзистира, мора да организира производство, и тоа постојано, кое покрај тоа што ќе ја обновува постојната материјална основа, ќе се репродуцира и на повисоко ниво.

Тој процес на обновување на општественото производство, кое ги опфаќа и производните односи кои владеат во соодветното општество, е познат под поимот општествена репродукција.

Процесот на репродукцијата во основа опфаќа повеќе елементи кои систематизирани се состојат во:

— Обновувањето на условите за производство, односно за производство и работната сила.

— Обновување на производните процеси.

— Обновување на производите како резултат на процесот на производството.

— Обновување на производните односи како општествена димензија на репродукцијата итн.

Репродукцијата може да се разгледува од два аспекта и тоа од: макро-економски аспект, кога тоа се третира на ниво на една општествена заедница и кога го опфаќа производството на одредено општество во целина, и од микроекономски аспект, кога се третира производството на определена производна единица — претпријатие — која произведува определени материјални добра.

Од аспект, пак, на квантитативните промени кои настануваат во општествената репродукција, таа може да биде: намалена, проста и проширена.

Намалената репродукција од макро-економски аспект прикажува состојба во општеството кога производството се репродуцира во намален обем и прикажува ненормална општествена состојба. Тоа особено се манифестира во услови на рецесии, суши, поплави, земјотреси, кризи, епидемии и во воени услови.

Простата репродукција прикажува состојба кога општественото производство се репродуцира во ист обем т.е. не доаѓа до квантитативни промени ниту во материјалните ниту кај останатите фактори на производството.

Проширената репродукција пак претставува состојба во која општественото производство се обновува на сè повисоко ниво од период во период.

Кога зборуваме за општествената репродукција, неминовно е да се прави разлика помеѓу нејзината материјална и општествена страна. Материјалната страна на репродукцијата го претставува обновувањето на материјалните фактори на производството и нивното поврзување со субјектите, при што се репродуцираат материјално-производните услови во општеството. Општествената страна на репродукцијата се манифестира преку обновувањето на општествениот облик на производството и ги репродуцира производствените односи во општеството.

Според тоа, ги истражуваме односите во репродукција бидејќи тие покрај материјалната основа ги репродуцираат односите кои се доминантни во општеството.

Со оглед на огромното значење што го има репродукцијата за севкупните односи во општествениот живот, Маркс во неговите истражувања ѝ посветил особено внимание и дал комплексна анализа на процесите во општествената репродукција. Тој утврдил неколку законитости кои се манифестираат во општествената репродукција а кои се од особено значење за анализата на сите манифестации кои се јавуваат во производството, распределбата, размената и потрошувачката.[1] Така тој утврдил дека:

— Во производството владее сразмерна распределба на општествениот труд.

— На определен степен на развиеност на производните сили поделбата на трудот се манифестира првенствено како поделба помеѓу производството на средствата за производство и производството на средствата за потрошувачка.

— Во развиеното општествено производство мора да постои определена пропорција помеѓу обемот на производството на средствата за производство и обемот на производството на средствата за потрошувачка.[2]

Производот на општествената репродукција која се одвива во стоковно-парични услови има две структури, и тоа: материјална, што покажува од кои групи, употребни вредности се состои општествениот производ и какво е нивното учество, и вредносна, која кажува кои делови како противвредност од општествениот производ се наменети за која потрошувачка. Со еден збор, материјалната структура на општествениот производ ја формира структурата на понуда за употребните вред-

---

[1] К. Маркс „Капиталот" II, Мисла, Скопје 1975 година.

[2] Поопширно види: Д-р А. Милески, Социјалистичка раширена репродукција, Годишник на Економскиот факултет, Скопје 1979 година.

ности, а вредносната структура на општествениот производ ја определува структурата на побарувачката во општеството.

За да може нормално да се одвива производството и репродукцијата, еден од основните услови кој треба да биде исполнет е материјалната и вредносната структура на општествениот производ да бидат изедначени. Оваа законитост е од особено значење и за истражувањето на влијанието на одбраната врз оваа рамнотежа, бидејќи таа се јавува како еден од позначајните општествени фактори кој влијае врз определувањето на обемот и структурата на општествената побарувачка, па оттука усогласувањето на тој обем на потрошувачка со реалните можности на општеството наспроти останатите потреби, претставува посебен проблем за проучување.

За да може полесно да се сфати суштината и односите на општествената репродукција, ќе го изнесеме нејзиниот шематски приказ:

Уште Маркс[3] ја постави шемата на капиталистичката проста репродукција, при што постојаниот капитал го означи со С, променливиот со V а вишокот на вредноста со М. При оплодување на вредноста од 100% таа би изгледала вака:

*I — оддел:* Производство на средства за производство
— Капитал 40.000С + 10.000V = 50.000

| | | |
|---|---|---|
| I а | 1.600 с + 400 V + 400 м = 2.400 | 6.000 |
| I б | 2.400 с + 600 V + 600 м = 3.600 | |

Додека, пак, производството на средствата за потрошувачка од II оддел глобално можеме да ги поделиме на основни средства за потрошувачка (нужни) и луксузни средства за потрошувачка, и доколку земеме тој сооднос да изнесува 70 : 30, тогаш производството на средства за во II дел ќе изгледа вака:

| | | |
|---|---|---|
| II а | 1.400 с + 350 V + 350 м = 2.100 | 3.000 |
| II б | 600 с + 150 V + 150 м = 900 | |

Вредносната структура на вака расчленетата репродукција ќе ги добие следните односи:

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I а | 6400 $c_1$ | + | 960 $c_2$ | + | 400 V | + | 160 $м_1$ | + | 240 $м_2$ | = | 2.400 |
| I б | 960 $c_1$ | + | 1.440 $c_2$ | + | 600 V | + | 240 $м_1$ | + | 360 $м_2$ | = | 3.600 |
| II а | 560 $c_1$ | + | 840 $c_2$ | + | 350 V | + | 140 $м_1$ | + | 210 $м_2$ | = | 2.100 |
| II б | 240 $c_1$ | + | 360 $c_2$ | + | 150 V | + | 60 $м_1$ | + | 90 $м_2$ | = | 900 |

2.400 $c_1$ + 3.600 $c_2$ + 1.500 V + 600 $м_1$ + 900 $м_2$ = 9.000
6.000 с + 1.500 V + 1.500 м = 9.000

[3] Карл Маркс „Капиталот“ Том II „Мисла“, Скопје 1975 година страна 350.

Од ова произлевува дека средствата на трудот зафаќаат 27,6%, предметите на трудот 40%, нужните средства за потрошувачка 23,3% и средствата за луксузна потрошувачка 10%.

Вредносната структура се дели на $C_1$ и $C_2$ што значи надоместок на средствата на трудот и предметите на трудот, V наемните работници го трошат за купување на нужни средства за живот и М капиталистите го трошат — дел за нужни средства за живот, а дел луксузни средства, чиј соодност во нашиот пример е 40:60.

Во анализата на одвивањето на репродукција натаму може да се земаат различни примери, како што се побрзо да расте производството на I оддел од II, натаму побрзо да расте II оддел, да се форсира порастот на производството на дел од производите на двата оддела и сл., но во оваа прилика нема потреба од подетално разработување на овие состојби, бидејќи основните шеми даваат јасна слика за значењето на тековите на општествената репродукција и односите кои владеат во неа.

Особено тие нови односи се создаваат во нашата земја, прво со воведувањето на работничкото самоуправување во кои доминантна улога во сите области од општествениот живот добија здружените производители, кои станаа и основни носители на процесите на општествената репродукција, и сега со новите општествено-економски односи во општествената репродукција, кои допуштија новосоздадената вредност (V + M) да се дели по основа на сите расположливи фактори на производство т.е. во услови на пазарен амбиент. Затоа и шемата на социјалистичката репродукција добива нова содржина и нова форма и според Марксовата поставка ќе изгледа вака:

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| I оддел | 4.000 ПВ | + | 2.000 НВ | = | 6.000 |
| II оддел | 1.500 ПВ | + | 1.500 НВ | = | 3.000 |
| | 5.500 ПВ | + | 3.500 НВ | = | 9.000 |

При што ПВ означува пренесена вредност а НВ новосоздадена вредност.

Со оглед на тоа што во основа социјалистичката репродукција е проширена репродукција, во случајот износот на произведените средства за производство во I оддел (6.000) не се трошат целосно и се поголеми од истрошените средства за производство во I и II оддел, кои изнесуваат 5.500. Тоа значи дека за наредната година износот на акумулацијата изнесува 500, а фондот за потрошувачка 3.000. Со овие односи шемата на социјалистичката репродукција ќе изгледа вака:

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I. | 4.000 СПр | + | 1.500 СПо | + | 500 м | = | 6.000 | |
| II. | 1.500 СПр | + | 1.350 СПо | + | 1.500 м | = | 3.000 | |
| | 5.500 СПр | + | 2.850 СПо | + | 650 м | = | 9.000 | — ОП |

Од оваа шема се гледа дека производителите за да го остварат општествениот производ од 9.000, истрошиле 5.500 средства за производство и 2.850 средства за потрошувачка а годишниот производ во однос на претходниот период изнесува 650. Во дадениот случај вишокот на производството во I оддел кој изнесува 500 означува дека за толку повеќе се произведени средства за производство одошто се потрошени. И во наредниот период може да се оди во раширено производство, а 1.500 м од II оддел претставува повеќе произведени средства за потрошувачка кој во социјалистички услови покажува до каде може да оди покачувањето на животниот стандард на работниците.

Со оглед на фактот што акумулацијата може да се распредели за проширување на средствата за производство и во I и во II оддел на општествената репродукција, и ако тој соодносот го определиме да изнесува 4:1, тогаш шемата на репродукцијата по ваквата распределба ќе биде:

I 4.000 МТ + 400 АК + 1.600 ФП = 6.000
II 1.500 МТ + 100 АК + 1.400 ФП = 3.000

---

5.500 МТ + 500 АК + 300 ФП = 9.000 — ОП

при што со МТ означуваме минат труд, АК — акумулација, ФП — финална потрошувачка и ОП — општествен производ.

Од примерот може да заклучиме дека определени средства за производство во износ од 5.500 МТ плус 500 акумулација се еквивалентни на произведените средства за производство од I оддел а одредените средства за производство од 3.000 ФП, на произведените средства за потрошувачка во II оддел. Со оглед на фактот што и 1.600 финална потрошувачка од I оддел е еквивалентна со 1.500 минатиот труд од II оддел и 100 акумулација од истиот оддел, размената се извршува во целост.

Во следниот период општествената репродукција ќе може да се одвива во раширени размени и ќе ги има следните односи:

I 4.400 СПр + 1.600 СПо
II 1.600 СПр + 3.000 СПо

---

6.000 СПр + 3.000 СПо

Ако земеме дека производот на I оддел пораснал за 10% колку што е зголемен и обемот на ангажираните средства за производство а производот во II оддел за 6,67% колку и
— Стоковен производ 4.000 с + 1.000 V + 1.000 м = 6.000
II оддел: Производство на средства за потрошувачка

— Капитал 2.000 м + 500 V = 2.500
— Стоковен
производ 2.000 м + 500 V + 500 м = 3.000

Рекапитулација на вкупниот годишен стоков производ ќе биде:

| | | |
|---|---|---|
| I. | Средства за производство | 4.000c + 1.000V + 1.000м = 6.000 |
| II. | Средства за потрошувачка | 2.000c + 500V + 500м = 3.000 |
| | Вкупна вред. | 6.000c + 1.500V + 1.500м = 9.000 |

Според изнесеното материјалната структура на општествениот производ изнесува: 6.000 средства за производство или 66,7% и 33,3% или 3.000 средства за потрошувачка. Вредносно изразено тоа значи дека е составен од 6.000 пренесена вредност од постојаниот капитал, 1.500 платен труд и 1.500 единици вишок на вредност. Бидејќи се работи за проста репродукција, понудата и потрошувачката се поклопуваат, што се гледа од следните односи: можноста за купување на средства за производство која изнесува 6.000c одговара на износот на произведените средства за производство, а можноста за купување на средствата за потрошувачка (1.500V + 1.500м) одговара на износот на произведените средства за потрошувачка. Ова е најосновната шема на капиталистичката репродукција која може да се расчленува и анализира. Така, на пример, ако средствата за производство во I оддел се состојат од средства на трудот и предмети на трудот и ако тој однос земеме да изнесува 40 : 60, производството во првиот оддел ќе изгледа вака: стапката на акумулација во II оддел тогаш во наредната година проширената репродукција ќе изгледа вака:

| | | |
|---|---|---|
| I | 4.400 СПр + 1.600 СПо + 600 м = 6.600 | |
| II | 1.600 СПр + 1.400 СПо + 200 м = 3.200 | |
| | 6.000 СПр + 3.000 СПо + 800 м = 9.800 | ОП |

Зачувувајќи ги вака утврдените односи, може да се пресмета одвивањето на општествената репродукција и во наредните години.

Кога се анализира социјалистичката проширена репродукција или воопшто општествената репродукција и односите во неа, не може да се избегне и проучувањето на потрошувачката за воени потреби т.е. за опремувањето и одржувањето на воените системи, издатоци кои во последните години добија енорм-

ни димензии зафаќајќи околу 7% од светскиот општествен производ. (4)

Таквото оптоварување на новосоздадената вредност има дирекно влијание врз процесот на остварувањето на општествената репродукција, и тоа како во односите во II оддел така и во I оддел. Тоа влијание има низа специфичности, кои ќе бидат изнесени во натамошното анализирање на тие односи.

Бидејќи за извршување на општественото производство се потребни средства за производство и средства за потрошувачка, општествената репродукција се дели на оддели за кои стана збор. Сега се поставува прашањето какво е влијанието на издвојувањата за изградбата и одржувањето на воените системи врз општествената репродукција и тоа во услови кога во стопанството, военото производство зазема значајно место, а во воениот комплекс се ангажира сè поголем број од работоспособното население односно работната сила. (5) За да може да се даде одговор на тоа прашање, потребно е да се одговори на прашањето каков третман има военото производство и воената потрошувачка во општественото производство.

Ако имаме предвид дека секое производство претставува присвојување на природата од страна на човекот во определени општествени облици, и претставува вечен нужен процес неопходен за живот, произлегува дека организирањето на општественото производство е директно сврзано со евзистенцијата на луѓето.

Ако во овој контекс го поставиме прашањето дали военото производство е услов за живот на луѓето, секако дека ќе добиеме негативен одговор.

Имено кога зборуваме за производство за воените потреби и воопшто за потрошувачката за опремувањето и издржувањето на воените системи, не може да се сложиме дека тоа е услов за егзистенција на луѓето, туку во определени историски услови служи само за воените потреби и е тесно поврзано за појавата и постоењето на класното општество.

Натаму, ако трудот од економски аспект служи, за создавање на материјални претпоставки за живот, се поставува прашање дали делот од вкупниот општествен труд кој во една заедница во определен период се издвојува за воените системи служи за подобрување односно за создавање материјални услови за живот.

Секако дека и на ова прашање одговорот е негативен, бидејќи делот од општествениот труд кој се троши за оваа намена не е синоним за материјално производство на средства за живот,[5a] односно тој вложен труд иако во одредени фази врши

[4] Д-р Таки Фити, „Надминати разумните рамки“, „Стопански весник“ бр. 1590/84 година.

[5] Воената индустрија на СФРЈ опфаќа 53 претпријатија со над 85.000 вработени.

[5a] К. Маркс „Капитал“ Том I Мисла, Скопје 1975 година.

материјално производство, не придонесува до зголемување на фондот на општественото богатство т.е. не придонесува кон подобрување на благосостојбата на општеството (во неговата материјална сфера) како крајна цел на стопанскиот развој на земјата.

Разграничувањето на ова прашање е дотолку позначајно, што и политичката економија признава дека производен е оној труд кој се опредметува во некое добро, кое служи за задоволување на човечките потреби и дека големината на тој труд ја определува и големината на непроизводните дејности односно трудот кој може да се вложува надвор од производната сфера преку слободната размена на трудот. Тој однос е правопропорционален и кажува дека колку е поголем фондот на трудот во материјалната сфера, толку повеќе овозможува да се вложува труд од материјалната сфера.

Според тоа во едни такви односи производството и воената потрошувачка која денес ангажира голем број извршители (добар дел од вкупниот општествен труд) не го зголемува фондот на потрошни добра за задоволување на човечките потреби па дури не создава добра ниту за своите потреби, за што е упатен на потрошувачка на делот од останатиот општествен труд изразен во разновидни потрошни добра, па според тоа и не може да се класифицира во производната сфера.

Според тоа, сега се наметнува прашањето каде е местото на производството и потрошувачката за воените потреби, која од година во година зазема сè позабележителни размери (а сепак е непроизводна сфера) во општествената репродукција. Проблемот е уште посложен бидејќи ова производство не може да се помести ниту во производство на средствата за производство, ниту во производството за потрошувачка.

За ова прашање во воено-економската мисла постојат мал број пишувани трудови па затоа и можноста за компаративно согледување е отежната.

Во капиталистичките земји денеска основната мотивација за производството е максимализација на профитот па според тоа сите останати мотиви и во оваа област се подредуваат на оваа цел. Денес, особено со појавата на мултинационалните компании, военото производство и трансферот со воената опрема стана значајна ставка во вкупните трговски биланси на развиените земји, а еден број земји како што се: САД, В. Британија, СР Германија, Франција и др., оживувањето на националните стопанства и решавањето на невработеноста го гледаат и преку развој на воено-индустрискиот комплекс. Според тоа, во капиталистичкиот свет военото производство и воената потрошувачка имаат поинаков третман одошто во третманот што тие досега го имаа во социјалистичките земји.

Кога зборуваме за третманот на военото производство во општествената репродукција на социјалистичкото општество,

интересно е да се изнесе становиштето на Кронрод[6] кој изучувајќи ги проблемите на структурата на општествениот производ во социјалистичкото општество дошол до следните заклучоци:

1. Производството за воените потреби може да се нареди во II оддел на општествената репродукција и тоа како посебен пододдел и

2. Дека военото производство и потрошувачка во репродукцијата се манифестира како производството на средствата за луксузна потрошувачка на II оддел на општествената репродукција.

Според тоа сфаќање структурата на општествената репродукција би можела да се изнесе вака:

### I оддел

I а) Производство на средства на трудот
I б) Производство на предмети на трудот

### II оддел

II а) Производство на нужни средства за потрошувачка
II б) Производство на средства за луксузна потрошувачка и на средства за воени потреби.

Меѓутоа се поставува прашањето дали оваа класификација може да издржи критика од аспект на сфаќањето на општествената репродукција и дали таа одговара на новите општествено-економски односи.

Сметаме дека оваа класификација, доколку подетално се подложи на анализа, не може да ја покаже својата научна поставеност, бидејќи изедначувањето на военото производство и потрошувачката со производството и потрошувачката на луксузните предмети ниту оддалеку може да се спроведува воопшто, а посебно во социјализмот кога одбраната на земјата станува функција на сите стопански и други субјекти и во услови на концепција за ОНОВ која на евентуален агресор ја спротивставува целината на општествено-економскиот и политичкиот систем.

Според тоа, делот од општествениот труд кој се употребува за подготовка на целокупниот систем за одбрана, иако има непроизводен карактер, не може и не треба да се изедначи со луксузната потрошувачка. И на крајот, секако дека обезбедувањето на мирен и сигурен општествено-економски развој во

---

[6] Кронрод, „Друштвени продукт и његова структура у социјализму“ Москва 1968 год. стр. 172 (на руски).

услови на било кој систем не може да се изедначи со потрошувачката на средствата за луксузни потреби.

Натаму, вбројувањето на воеНото производство во посебен оддел на репродукцијата исто така не е во ред, бидејќи тоа може да се вброи во сферата на материјалното производство.

Тогаш се поставува прашањето каде е местото на воеНото производство и потрошувачка во проширената репродукција?

Одговорот на ова прашање бара посеопфатни и подетални научни опсервации кои бараат долгорочен и интердисциплинарен приод, па затоа ќе изнесеме само определени мислења за оваа проблематика кои се наметнуваат од досегашните сознанија.

Имено, ако се појде од поставката дека воеНото производство не може да се категоризира во сферата на материјалното производство, натаму, дека има специфични производни субјекти, дека воеНото производство има определени потрошувачи и дека таа потрошувачка нема производен карактер, тогаш неминовно се наметнува заклучокот дека него не може да го наредиме ниту во еден од двата оддела на општествената репродукција.

Ако се расчленат работите аналитички, ќе видиме дека во воеНото производство се ангажира значаен дел од вкупниот општествен труд, но во крајниот ефект на општествениот производ тоа нема никакво влијание, бидејќи оди за подмирување на специфични потреби и не ги зголемува стоковните фондови на општеството за задоволување на потребите на граѓаните. Од друга страна, пак, се организира производството за кое покрај работната сила се потребни средства на трудот и предмети на трудот, кои се произведуваат во I оддел на општествената репродукција.

Натаму, за задоволување на своите потреби од средства за потрошувачка делот од општествениот труд ангажиран во производството за воени потреби ги задоволува од производните средства за потрошувачка во II оддел на општествената репродукција.

Резимерано испаѓа дека свој дел од општественото производство учествува до производството, но, во финалниот производ на тоа производство не се искажува-појавува. Во своето, пак, реализирање врши потрошувачка на дел од општественото производство и од I и од II оддел.

Според тоа, во смисла на проширување на општественото производство, производството за воените потреби се јавува како негативен, ограничувачки фактор. Тоа веќе добива ненормални димензии и се заканува да ја намали масата на средствата за продуктивни инвестиции. Тој товар не можат повеќе да го поднесат ниту најразвиените.

Само за илустрација ќе го наведеме примерот со САД чиј општествен производ и воени трошоци во последните години ја покажал следната динамика.

## ВОЕНИ ТРОШОЦИ НА САД ВО МИЛИЈАРДИ ДОЛАРИ

| | 1973 | 1982 | 1983 | 1984 | 1988 |
|---|---|---|---|---|---|
| — општествен производ | 1310 | 3058 | 3266 | 3580 | 4878 |
| — воени трошоци | 73 | 182 | 213 | 242 | 358 |
| — буџетски дефицит | 6 | 128 | 210 | 212 | 200 |
| — нето штедење | 125 | 206 | 254 | 312 | — |

Понатаму воените издатоци во распределбата на националниот доход играат улога во смисла на намалување на средствата за лична потрошувачка и за акумулација за сметка на воената, со што има директно влијание врз проширувањето на општественото производство во наредниот период. Со намалување на акумулацијата сразмерно се намалуваат средствата за инвестиции, а со тоа се ограничува и стапката на стопанскиот развој, бидејќи најголем дел од пронајдоците не се реализираат во редовно производство, туку за воени цели.

Во едни такви односи военото производство и потрошувачката, сметаме дека треба да добие место за шемата на општествената репродукција, но надвор од двата оддела како што ги постави Маркс.

Според тоа, военото производство со сите свои специфичности треба да се третира како посебен пододдел на општествената репродукција, при што ќе се имаат предвид сите негови специфичности кои ги изнесовме како во производството така и во потрошувачката.

Така општествената репродукција би се проширила во следниот облик:[8]

I. Производство на средства за производство

I а) Производство на средства на трудот
I б) Производство на средства за потрошувачка

II. Производство на средства за потрошувачка

II а) Производство на нужни предмети за потрошувачка
II б) Производства на луксузни предмети за потрошувачка
II в) Проиводство на воени средства и опрема

[7] Д-р Фити Таки „Надминати разумните рамки", „Стопански весник" бр. 1589/1984 год.

[8] Д-р Трајан Гоцевски „Општонародната одбрана и стопанскиот развој" НИО „Студентски збор" Скопје 1988 год.

Оваа структура би одговарала на нашата општествена репродукција, со тоа што военото производство нема да го искажува својот производ во вкупниот општествен производ произведен во I и II оддел, а ќе се јавува во размената и потрошувачката во износи кои се утврдени со постојните документи.

Конкретно во нашата земја во распределбата на националниот доход воената потрошувачка во периодот 1981—85 може да учествува со 5,80% од остварениот национален доход (а републиките и покраините издвојуваат уште по минимум 0,5% од остварениот национален доход за потребите на останатите структури на системот на ОНО). И во наредните години воената потрошувачка го смалува своето учество, така што во 1988 година спадна на ниво од 4,96% а за 1990 година се планира средство во висина од 4,3%.[9]

Иако во однос на низа други земји, ова издвојување не претставува значајно оптоварување на нашето стопанство, сепак се работи за еден добар дел од националниот доход кој има големо значење за одвивањето на општествената репродукција.

Оваа меѓузависност произлегува од низата специфичности на нашиот одбранбен систем, кој сам за себе не претставува цел, туку се јавува во функција на создавач на потребни услови за мирно и непречено одвивање на општествената репродукција. Од друга страна, пак, ефикасноста во системот на ОНО се обезбедува преку севкупниот развој на целото општество, во материјалната сфера и во општествените дејности, што фактички значи дека тој се јавува како интегрален дел на општествено-економски односи. Па затоа и издвојувањата за потребите на одбраната имаат општо општествено значење и во основа служат за одбрана и заштита на нашето општество. Тие секогаш се дефинирани со потребите на општествената заедница за одбрана и заштита на системот и економската моќ на стопанството, на тој степен на развиеност на производните сили.

Иако зборуваме за единство на интересите на економскиот систем и системот на одбраната, сепак во општествената репродукција производството на опремата на средствата потребни за системот на ОНО досега се одвиваше во посебна организација на производството со специфични средства и опрема, со однапред утврден квантитет и квалитет, за однапред „познат нарачател", со што во тој дел на репродукцијата се исклучуваше делувањето на пазарните законитости. Новиот модел на пазарно стопанство ќе ги сруши досегашните односи и во оваа сфера, при што и ова производство ќе подлежи на пазарната валоризација.

Сепак нашата концепција на ОНОВ овозможи од ден на ден и овие проблеми да се надминуваат побезболно, вклучувај-

---

[9] Во оваа година просечните светски издвојувања за одбраната изнесуваат околу 6,13% од остварениот национален доход. Т.Г.

ки сè поголем број стопански субјекти во производство на потребите за воената индустрија и одбраната воопшто.

Така денеска особено металната индустрија, автомобилската, прехранбената, текстилната понатаму, сообраќајот, градежништвото, земјоделството и др., сè поактивно се вклучуваат во военото производство и во снабдувањето на субјектите во системот на одбраната со потребните средства и опрема со што и нивното место во општествената репродукција се изменува во смисла на се поинтензивно рушење на границата помеѓу военото и останатото производство и потрошувачка.[10]

За овие процеси недвосмислено зборуваат многубројните податоци за вклучување на се поголем број стопански субјекти во производство и на најсовремената техника. Така во производството на најновиот југословенски тенк, кој се носи со врвните достигања во светот во оваа област во моментов, учествуваа: покрај военотехничкиот институт на ЈНА и низа други научни институции од земјата како што се „Борис Кидрич", „Јожев Штефан", „Руѓер Бошковиќ" учествуваа и 24 раб. организации, а доколку се земат и сите испорачувачи на опремата за оваа современо средство, бројот на ОЗТ кои учествуваа во неговото производство се зголемува дури на 1000.[11] Овој податок недвосмислено ја потврдува предноста на нашиот систем на одбрана кој во одбранбената функција ги вклучува сите општествени субјекти.

Свој придонес за позитивните движења во таа сфера секако дава и новиот однос во системот на општественото планирање, кој планирањето на развојот на ОНО го вклучи како составен дел на плановите за општествено-економскиот развој.

Покрај суштествените промени во обласа на планирањето, средствата за потребите на одбраната одиграа значајна улога и во научно-техничкиот и технолошкиот развој, бидејќи производството на современа опрема не може ниту да се замисли без овој фактор на кој му се посветува посебно значење.

Во услови на спроведување на стопанска реформа, која на долга патека треба да обезбеди економска стабилизација, воените расходи исто така можат да одиграт значајна улога во непреченото одвивање на општествената репродукција, и тоа на квалитетно повисоко ниво.

Таа улога може да се оствари преку следното влијание.

1. Насочување на дел од средствата за преструктуирање на стопанството на земјата.

2. Може да дејствува позитивно врз урамнотежувањето на куповните и стоковните фондови во националното стопанство преку зголемувањето односно намалувањето на воената потрошувачка.

---

[10] Во обезбедувањето на потребите на ЈНА дневно се вклучени околу 1000 претпријатија од земјата.

[11] „Борба", 20. IV. 1984 година „Истина о нашем тенку".

3. Може да предизвика инфлаторна состојба во стопанството доколку форсира потрошувачка над утврдените можности и обратно, може да предизвика дефлаторна состојба во стопанството доколку потрошувачката се ограничи на пониско ниво од утврдената.

4. Со соодветна политика на воената потрошувачка може да се предизвикаат и антиинфлаторска или антидефлаторска политика во стопанството, како противтежа на инфлацијата односно дефлацијата.

5. Во определена мера со воената потрошувачка се ублажува и проблемот на невработеноста (кој во последните години добива нетолерантни последици) преку рамномерно регионално распоредување на своите единици, установи и капацитети.

6. Воените издатоци играат своја улога и врз условите за стопанисување во земјата, и тоа негативно изземајки дел од доходот од здружениот труд и позитивно со инвестирање на средства во изградба на разни производни и други објекти, преку кредитирање на претпријатија кои се оспособуваат за производство на производи потребни и за одбраната и за населението, како и преку апсорбирањето на голем дел од производите и услугите, суровините, репроматеријалите, енергијата и сл. кои се произведуваат во сите области и гранки, со што системот на одбраната се јавува како значаен деловен партнер.

7. Военото производство денес зазема сѐ позначајна улога во меѓународната размена на трудот, со што извозот и увозот на воените средства и опрема добива сѐ позначајно место во платно-билансните позиции на земјите.[12]

8. Издвојувањата за одбраната имаат и индирекни ефекти во изградбата и осовременувањето на инфраструктурата во земјата преку директното учество во нејзината изградба и одржување со средства и работна сила, преку финансирањето на изградбата или одржувањето на такви објекти и слично.[13]

9. Јавувајќи се како потрошувач на голем број полупроизводи и производи за кои се бара посебен квалитет и стандарди, воената потрошувачка позитивно влијаела врз подобрувањето квалитетот на производството и зачувување на утврдените стандарди, како единствен услов за успешен настап и во меѓународната поделба на трудот.

10. Општествената поставеност на системот на одбраната и неговиот развој, кој е составен дел на севкупниот развој на сите субјекти во земјата, создава позитивни ефекти во смисла

[12] Според институтот СИПРИ од Стокхолм во периодот 1984—88 година СССР извезол оружје за 64 милијарди долари, на САД за 50. Во 1988 год. СССР извезол оружје во вредност од 45,9 милијарди долари, САД 23,5, Франција 14,7, Кина 7,7, Англија 6,6. СРГ 3,6, Италија 2,4, Бразил 1,4, Израел 1,2 и Шпанија 1,1.

[13] Од ослободувањето до денес ЈНА изградила 8.000 км. патишта, 1.000 мостови, 700 км железничка пруга и др.

на ангажирањето на издвоените средства за потребите на одбраната за забрзување на стопанскиот развој на земјата, а посебно на одделни негови области и гранки, кои се од посебен интерес за одбраната на земјата.

Постојат и низа други слабости и позитивности кои ги предизвикува воената потрошувачка, но ние изнесовме само некои позначајни од нив.

Кога зборуваме за проширената репродукција во социјалистичкиот систем, не може да не се определи и местото на воеңото производство во тие процеси. Целокупното финално производство во одбранбениот систем може да се подели на основни групи, и тоа:

Производи за општа намена потребни за работа и живот на припадниците на системот за кои важат специфични воени узански, и производи кои имаат воен карактер во кои спаѓа воената опрема и производи кои имаат воен карактер, во кои спаѓа воената опрема и вооружувањето, за кои однапред се определува потребата, и тоа се произведи со врвна технологија, за кои се применуваат строги воени стандарди.

Според тоа, во вкупното финално производство на југословенското стопанство, производството за воените потреби се развива како субматрица во матрицата на вкупното финално производство.

Според тоа, ако со П се обележи целокупното финално производство на југословенското стопанство, нејзиниот збир ќе биде

$$П = И + Л + О + Е$$

при што И се бруто инвестициите, Л личната потрошувачка, О општата потрошувачка и Е извозот.

Бидејќи и финалната потрошувачка во одбраната се дели на лични и материјални расходи, а личните расходи се влезени во векторот на личната потрошувачка (Л) во претходната равенка, во натамошната анализа ќе се задржиме само на материјалните расходи, односно на делот на финалното производство кое го ангажира одбраната кое ќе го бележиме со В.

В = ИВ + ТВ при што ИВ ги означува инвестициите во одбраната, а ТВ тековната материјална потрошувачка.

Според изнесеното произлегува дека општата потрошувачка (О) се состои од

О = ОВ + Оj + ТВ, каде ОВ означува заедничка потровувачка, Оj — јавна потрошувачка и ТВ — тековна материјална потрошувачка, додека матрицата на вкупното финално производство се состои:

$$П = Ист + Л + Ов + Оj + ТВ + Е$$

Во оваа матрица инвестициите се разделени на стопански (Ист) и нестопански (И н.с.).

Векторот на военото производство може да се расчлени и понатаму, и да се претстави во матрица на воената потрошувачка (В) која има облик:

В = ИВ + ТВ

При што ИВ се состои од:

ИВ = СВТков + СВТм + СВТ вв + Оо + ВГО + Стн, а Тв од:

Тв = Ов + Х + З + РО + ОН + Оп.

При што: СВТ кое претставува средства и воена техника за копнената војска, СВТм — за морнарицата, СВТвв за военото воздухопловство, Оо — останата инвестициона опрема, ВГО — воено градежни објекти, Стан — станбена изградба, Ов — обука и воспитување, Х исхрана, З — здравство, РО — ремонт и одржување ОН — одржување на недвижности и ОП друга потрошувачка.

Поконкретно по години воената потрошувачка во Југославија ја имаше следната структура:[14]

Табела 1

во мил. дин.

| | 1962 | | 1964 | | 1956 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | структура | износ | структура | износ | струк. |
| 1. Вкупно | 2.700,9 | 100,0 | 3.563,8 | 100,0 | 5.460 | 100,0 |
| — лич. потр. | 746,3 | 28,3 | 1.028,6 | 28,9 | 1.527,6 | 28,0 |
| — мат. потр. | 1.598,8 | 59,2 | 2.211 | 62 | 3.236 | 62,9 |
| — остан. пот. | 337,8 | 12,5 | 324,2 | 9,1 | 469,4 | 9,1 |

| 1968 | | 1977 | | 1981 | | 1989 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| износ | структ. | износ | структ. | износ | структ. | износ | структ. |
| 7.308,1 | 100,0 | — | 100 | — | 100 | 34.900 | 100 |
| 2.028,1 | 27,8 | 38.130 | | 76.275 | — | — | |
| 4 883,8 | 66,8 | — | | — | — | — | |
| 396,6 | 5,4 | — | | — | — | — | |

Доколку учеството на воените расходи — буџетската потрошувачка и материјалната воена потрошувачка во остварениот национален доход по година изнесува:[14]

[14] Види: Д. Ајдуновиќ и М-р Чупиќ „Воено дело бр. 4/74 — Београд, Економика у ОНОР — книга II, ВИЗ Београд, 1981 г. стр. 231 и др.

Табела 2

| | 1962 | 1968 | 1978 | 1983 | 1988 | 1990 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Учес. на воен. буџ. пот. | 7,7 | 7,01 | 6,1 | 5,17 | 4,96 | 4,30 |
| Учес. на мат. пот. | 4,60 | 4,68 | — | — | — | — |

Најголемо учество во домашното финално производство на средствата и опрема за системот на ОНО имаат металната индустрија и електроиндустријата чие учество изнесуваше и до 90%.

На крајот интересно е да напомнеме дека ЈНА како краен потрошувач има значајно влијание врз одвивањето на општествената репродукција бидејќи се јавува како најголем потрошувач на финалното производство од вкупната општа потрошувачка, за што зборуваат следните податоци.

Табела 3

во милијарди дин.

| | 1962 | 1966 | 1968 |
|---|---|---|---|
| 1. Општа потрошувачка | 2.788,3 | 6 086,0 | 6.924,5 |
| — потрошувачка на ЈНА | 1 598 | 3.436,0 | 4.883,7 |
| % учество | 57,3 | 56,4 | 70,5 |
| 2. Од домашни извори | — | — | — |
| — општа потрошувачка | 2.649,7 | 5 855,2 | 6.635,3 |
| — потрошувачка на ЈНА | 1.377,5 | 3.046,7 | 4.034,0 |
| % учество | 51,9 | 52,0 | 60,9 |

Извор: Економија у ОНОР, ВИЗ, Београд 1981 г. книга II.

Додека, пак, учеството на расходите за ОНО во Сојузниот буџет во однос на вкупно издвоените средства за општа и заедничка потрошувачка во последните години ги покажа следните односи:

Табела 4

во милијарди дин.

| | 1978 | 1979 | 1980 | 1981 | 1982 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Средства за општа и заед. потрошувачка | 398,2 | 499,2 | 626,7 | 836,3 | 1.068,0 |
| 2. Сред. за потреб. на ОНО | 42,5 | 55,0 | 76,2 | 99,1 | — |
| % учество | 10,6 | 11,0 | 12,1 | 11,8 | — |

Извор: Економика у ОНОР, ВИЗ, Београд 1981 г. книга II.

Со оглед на вака изразените односи во потрошувачката во последно време сè поголем број теоретичари го поставуваат и прашањето дали може да се определи која е оптималната граница на воената потрошувачка во една држава.

На Запад низа економисти (особено политичари) му даваат позитивна улога на военото производство и воената потрошувачка како регулатор на капиталистичкиот пазар, но таа улога над определен обем преминува во лимитирачки фактор на севкупниот развој осиромашувајќи ја земјата и апсолутно и релативно. „Критичната точка на военото производство се достига во моментот кога тоа од факторот на ублажувач на внатрешните противречности на мирновременото стопанство, објективно и по инерција на забрзаното воено производство (која најдобро и најбрзо се реализира во воената потрошувачка — војната) прераснува во тотален и сеопфатен облик на мирновремено а потоа и воено стопанство во кое веќе не се троши само она што во моментот се призводи-залихите и вишокот на стока, туку и опредметниот труд акумулиран со макотрпната работа на повеќе генерации т.е. кога доаѓа до трошење на општественото богатство во целина“.[15]

Во социјалистичките земји, каде стопанството, и пред сè развојот, имаше плански карактер, и каде постојат најразлични мерки и инструменти на економската политика во регулирањето на стопанските текови, регулаторски функции на военото производство и воената потрошувачка станува непотребно, а форсираната воена потрошувачка го осиромашува социјалистичкото општество, намалувајќи го обемот на средствата кои можат да послужат за развој на останатите дејности на социјалистичкото стопанство.

Во самоуправниот социјализам на СФРЈ односите на воената потрошувачка добија нови содржини кои ги постави системот на ОНО, кој овозможува во одбраната на земјата да се вклучат севкупните човечки и материјални потенцијали на земјата, а одбранбените подготовки да станат составен дел и функција на сите општествени субјекти.

Со овој нов философски приод кон одбраната се овозможи класичната воена потрошувачка да се доведе во подносливи граници и таа во последните години се движи малку над 4% од остварениот национален доход на земјата, со тенденција на постојано намалување.

Меѓутоа, воената потрошувачка никоваш немала постојани димензии и во зависност од воено-политичката состојба била поинтензивна или посмирена, а особено ескалирала во воени услови кога целата репродукција се подредува на воените цели. За тоа зборуваат и следните показатили:

Во Првата светска војна воените расходи изнесуваа околу 200 милијарди долари. Стопанствата на завојуваните земји во тие години целосно биле преорентирани на производството за воени потреби.

Според некои пресметки во првите три години на Првата светска војна секој ден се трошени по 123.000.000 долари а во последната година по 224.000.000 долари дневно.

---

[15] Д-р Љубомир Петровиќ, „Гледишта“ бр. 11/69 година.

Во таа војна Франција потрошила 30% од своето национално богатство, Германија 22%, Велика Британија 32%, Италија 26% САД 9% а тогашна Србија дури 50%.[16]

Втората светска војна во смисла на економското исцрпување на земјите имаше уште покатастрофални последици. Имено директните трошоци за Втората светска војна се проценуваат на 1000 милијарди долари и индиректните околу 4000 милијарди долари.

Инаку, во оваа војна Германија изгуби околу 60% од своето национално богатство, СССР 40%, Велика Британија 30%, Југославија 50% и слично.[17]

И покрај огромните негативни искуства од двете светски војни, кои оставија неизбришливи траги врз стопанскиот развој на земјата, трката во вооружувањето и сѐ поизразеното зголемување на воената потрошувачка до денеска не го намали својот интензитет.

Денеска кога современиот свет се соочува со низа проблеми во својот развој, кои се манифестираат преку стагнацијата на индустриското производство, огромната невработеност, задолженоста на земјите во развој, исхраната и сл., воените издатоци добиваат несносливи размери и веќе се издигнаа до висина од 7% од вредноста на светскиот општествен производ. Тие сериозно ја загрозуваат масата на средства потребни за продуктивно инвестирање и подобрување на благосостојбата во земјите како крајна цел на стопанскиот развој.

Тенденциите во процесот на милитаризацијата на современиот свет единствено може да се надминат како што истакна Енгелс, „на дијалектиката на својот внатрешен развој".[18]

Тоа значи дека обезбедувањето на складен, сестран и регионално урамнотежен развој може единствено да биде негација на милитаризмот, како негативна современа појава, која има низа последици врз мирот и општиот напредок и благосостојба на човештвото, т.е. врз нормалното одвивање на репродукцијата.

## ЛИТЕРАТУРА

1 Антун Петек: „Основи развоја знанствене делатности у СФРЈ 1981—85 г.", Институт за друштвена истраживања, Загреб, 1986 год.

2 Д-р Милко Купара: „Војне последице III технолошке револуције", Војно дело бр. 2/89, Белград.

3 „Научна делатност и одбрана", Зборник на трудови — ССНО — Белград, 1990 год.

[16] »ISTORIE GENERALE DES CIVILISATION« — Paris, 1959 g. tom VII.

[17] MAH LANTER »DIE FINANZIERUNG DES KRIGES« LUZERN — 1950 g.

[18] Ф. Енгелс „Анти диринг", Мисла, Скопје 1974 год.

4. „Промените во општествено-економскиот систем и нивниот одраз врз ОНО и ОСЗ", Зборник на трудови, НИО „Студентски збор", Скопје 1990 година.

5. Д-р Милан Пујић: „Осврт на реформе усавршавање за одбрану и заштиту", Опатија, 1990 год. (реферат).

6. Д-р Милан Вучинић: „Статус делатности ОНО и ДОС данас и сутра", Факултет за ОНО — Београд, 1990 год.

7. Јован Сејменовић: „Развој војно-економске мисли о условености и зависности друштвене репродукције" Определења бр. 6/88, Сараево.

8. Д-р Марјан Корошић: „Југословенска криза", Напријед, Загреб, 1989 год.

9. Д-р Радмила Стојановић: „Сила и моћ у међународним односима", Радничка штампа, Белград, 1982 год.

10. Д-р Јован Сејменовић: „ОНО и друштвена репродукција" НИШРО Ослобођење, Сарајево, 1990 година.

11. Д-р Златка Поповска: „Технолошка стратегија као саставни дио развојне стратегије" Економски биро Белград, 1987 год.

12. Антон Беговић: „Концепција и систем ОНО и ДСЗ СФРЈ" НИП Пословна политика, Земун 1989 год.

13. Д-р Трајан Гоцевски: „Општонародната одбрана и стопанскиот развој", НИО Студентски збор, Скопје, 1988 год.

14. Д-р Трајан Гоцевски: „Основи суштина и карактеристики на системот на ОНО на СФРЈ", НИО Студентски збор, Скопје, 1990 година

15. Михаил Горбачов: „Перестројката и новото мислење", Македонска книга, Скопје, 1988.

16. Д-р Никола Узунов: „Современи економски системи", Култура, Скопје 1986 год.

17. Карл Маркс: „Капиталот", Мисла, Скопје, 1975 год.

18. Карл Маркс: „Критика на готската програма", Култура, Скопје 1974 год.

19. Карл Клаузевиц „О рату", ВИЗ — Београд, 1951 год.

20. Фридрих Енгелс: „Улогата на силата во историјата", Мисла, Скопје, 1974 год.

21. Јосип Штахаи: „Потрошња света", Економски Институт, Загреб, 1969 год.

22. Д-р Александар Милески: „Социјалистичка раширена репродукција", Годишник на Економскиот факултет — Скопје, 1979 год

23. David Virch »Jobcreation in America, Now our Smaillest companies put the Most Peopleto Work, The Free Press, New York, 1987.

*D-r TRAJAN GOCEVSKI*

# LA REPRODUCTION SOCIALE ET LA DÉFENSE

## Résumé

En étudiant les problèmes macroéconomiques de la société contemporaine, la science économique pénètre aussi de plus en plus profondément dans la découverte, l'analyse et la suite des lois de la sphère militaire-économique avec le but de définir les rapports optimaux dans la consommation de la productton sociale. Dans ce contexte, le cours de la reproduction sociale avec toutes ses caractéristiques, la structure et les rapports occupe la place centrale et c'est pourquoi l'analyse intégrale de celui-ci sous-entend tous les aspects du dit problème, y inclus ceux qui ont été trés souvent évités et qui se rapportent au lieu, au rôle et à l'importance de la défense dans le cours de la reproduction sociale. C'est pourquoi l'attention de la présente oelvre est attirée surtout par l'élaboration de ce problème subtil qui n'est pas encore assez examiné et dont les notions bibliographiques sont rares bien qu'il soit inséparable du cours de la reproduction et qui apparait dans un état spécifique au cours de toutes ses phases.